# ЈОРДАН МАНАСИЕВСКИ

## САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА 9.VIII - 22.VIII. 1996



ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА
И НАРОДЕН МУЗЕЈ - ОХРИД

ГАЛЕРИЈА УРАНИЈА

## JОРДАН МАНАСИЕВСКИ

е роден во Охрид на 12 Септември 1948 година. Дипломирал во 1969 година како ликовен педагог на педагошката академија во класа на професорот Вангел Коџоман.

**Самостојни изложби**
**1990 - Охрид, Галерија "Уранија"**
**1991 - Скопје, Културно информативен центар**
Учествува на повеќе групни изложби во земјата и странство како и на повеќе ликовни колонии во Република Македонија.

## JORDAN MANASIEVSKI

is born on 12 September 1948, in Ohrid.
He graduated at the Pedagogy Academy in Skopje in 1969 on Art Pedagogy in class of the professor Vangel Kodzoman.

**One - Man Exhibitions**
**1990 - Ohrid, "Uranija" Gallery**
**1991 - Skopje, Centre of Culture and information**.
He also took part at a number of group exhibitions in the counrty and abroad and in many Art Colonies in the Republic of Macedonia.

Ова е трета изложба на охридскиот сликар Јордан Манасиевски. Огромниот пат во истражувањето на благородната вештина - сликањето пејзаж, успешно го помина и сега може слободно да се каже дека правично си го зазема делот во историјата на уметноста кој му припаѓа.

Воден од сензацијата на светлината и својот вроден сензибилитет, создава слики со познати мотиви, но во поинаква изведба, така што пејзажите не се копија, ниту пак имаат таква цел, туку самостоен организам со иста вредност како и самиот мотив. Така со широката палета, полека, но сигурно акцентот од ликовна форма го пренесува на внатрешната, психолошка содржина на сликите.

Со она што сликарот го гледа и зема визуелни податоци, тој не го завршува, туку го започнува Големото откривање. Од пределот и надворешната стварност остануваат само синтетизирани знаци кои водат кон подлабокиот и побитниот слој, кон мистичната конструкција која ја одредува секоја природна структура.

Сликата, како површина која треба да се организира, не е веќе наративен декор, туку извор на збиена енергија. Колоритетот, силен и звучен, станува сам по себе и облик и содржина.

Длабоко поврзан со природата, со сите нејзини волшебства и магии, Јордан Манасиевски не води во посебен свет на дамнешно заборавени чувства, чувства на боите и ритмите околу нас кои само напати сме ги отсонувале и заборавиле.

*Николоски Никола*

## Светлината на поднебјето

Јордан Манасиевски му припаѓа на охридскиот круг сликари. Тоа е феномен заснован на фактот - дека во градот Охрид се одржуваат повеќе уметници со својата сликарска работа. Всушност јадрото на домашните сликари е создадено и од сликари кои не потекнуваат, но сега живеат и работат во Охрид. Условите не дозволија сликарството да се развива во континуитет, но и покрај тоа се среќаваат забележителни автори и дела.

Нас не интересираат автентични гласови, а еден од нив откриваме во делото на Јордан Манасиевски. Тој обработува главно охридски мотиви, езерски предели, градска архитектура, но своите мотиви ги наоѓа и во други краишта низ Македонија. Тој како и импресионистите излегува во пејзаж, и тоа во различни периоди на денот. Исто така започнатите или скицирани дела ги завршува во ателје. Сликарот во работата е различно расположен, но отсекогаш и приоѓа со отворено срце и искреност. Тој ги зафаќа со искрена веселост омилените мотиви градејќи ја сликата со сигурни потези. Поранешните дела насликани со четка но и со сликарски нож, имаат белези на извесна "конструктивност" во третманот на формата. Најновиот циклус слики се карактеризира со послободно разиграни потези и флуидна импастација. Тој знае да ги варира истите мотиви повеќе пати а од секој потег да се чувствува присност на мотивот.

Сликите на Јордан Манасиевски се одликуваат со светол и жив колорит во кој доминираат бели, зелени и сини, жолти и земјени тонови. Неговите пејзажни импресии имаат свежина на спонтан приод, но исто така и сигурност на солидно техничко знаење. Визуелните сензации се непосредни а обработката на мотивот е базирана на колористичките вредности. Бојата всушност е суштествената структура и изразна компонента на сликата, а со распоред на нејзините валери се добиваат преовладувачките ефекти на светлина, на расположение и просторна сугестија.

Авторот покажува извесна наклоност кон фактографија, но таа се повлекува или поточно втопува во општиот воедначен ритам на потезите кои ја сумираат формата. Притоа, забележлив е сигурниот манир на изведба.

Во сликите на Јордан Манасиевски преовладуваат јаркиот колорит на фовистите и енергичниот потег на експресионистите, но сепак во една помека лирска варијанта. Во нив, како посебност, ги препознаваме белезите на своевидниот "колористички регионализам", светлината и боите на поднебјето. Треба да се подвлече, исто така, уверливото поврзување на спонтаноста и на знаењето, на импресијата и внатрешното доживување. Тоа ја заокружува претставата за најновата серија слики на предели од Јордан Манасиевски.

*Владимир Величковски*













*Изложбата ја помогнаа:*

"ПОЛАР" - Охрид
"ВОДОВОД" - Охрид
"ЕЛЕКТРО ОХРИД" - Охрид
"ДЕБОЈ" - Охрид
"ЗОДИАК" - Охрид
"ФОТО ЉУБЕ" - Охрид
"СУНА" - Охрид
Ресторан "ОХРИДИЈА" - Охрид
"МАКСИПРИНТ КОМПЈУТЕРИ"- Охрид

Печати: Полар - Охрид